Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020

Извадок на ден од дневни настани 30.06.2020

На 29.06.2020 во 16.05 часот беше пријавено дека на пат Крива Паланка - Деве Баир, во близина на место викано „Бегови бавчи", се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „пежо 407", со сопственик регистрациски ознаки, управувано од А.Д.(27) од Крива Паланка и патничко возило „фолксваген пасат", со кумановски регистрациски ознаки, управувано од С.Л.(23) од Крива Паланка. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобила С.Л., констатирани во Здравствениот дом Крива Паланка, каде била пренесена за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Крива Паланка.

На 29.06.2020 во 10.56 часот во Полициското одделение Велушина, Б.Б.(40) од с.Меоитлија пријавил дека на влезот на гробиштата во с.Меоитлија, при изведување земјоделски работи, пронашол неексплодирана граната. Од полициски службеници било излезено на местото на настанот, а од страна на пиротехничар од ДЗС била подигната артилериска граната 75 мм од Првата светска војна.

На 29.06.2020 во 15.15 часот било пријавено дека 15-годишник од с.Добрејци и 14- годишник од с.Пиперево со трактор „ИМТ 539", кој го управувал 14 годишникот, се упатиле кон место викано „Таре" на река Струмица за да ловат риби. Во еден момент, тракторот се превртел и паднал во реката, а малолетниците се удавиле. Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Струмица.

На 29.06.2020 во 10.55 часот во Скопје, на ул.„Борис Сарафов", Б.Б.(31) од Скопје го нарушил јавниот ред и мир со агресивно однесување кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. Сочинет е записник по чл. 13 од ЗППРМ.

На 29.06.2020 во 10.40 часот беше пријавено дека на локалниот пат с.Побожје – Радишани патничко возило „даеву матиз", со скопски регистрациски ознаки, управувано од Н.Г.(43) од Скопје, излетало од коловозот. По незгодата, Н.Г. била пренесена во Клиничкиот клинички „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош, каде и биле констатирани тешки телесни повреди. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 29.06.2020 во 20.30 часот било пријавено дека во с.Банско, струмичко, моторџикот „хусун", без регистарски ознаки, управуван од Ш.И.(29) од с.Банско удрил во девојче пешак на возраст од пет години од с.Банско. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобило девојчето, констатирани во Медицинскиот центар Струмица, каде било пренесено за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Струмица.

На 29.06.2020 во периодот од 03.50 часот до 06.10 часот на подрачје на Карпош, полициски службеници од Полициска станица Карпош ги приведе С.Л.(22) и Л.Н.Е.(45), двајцата од Скопје, бидејќи во 03.50 часот на крстосницата од бул.„Партизански одреди" со ул.„Бледски договор", С.Л. кој бил во алкохолизирана состојба го нарушил јавниот ред и мир со агресивно однесување кон полициски службеници, додека во 06.10 часот во просторите на Полициска станица Карпош, Л.Н.Е. го нарушила јавниот ред и мир со агресивно однесување, бидејќи не и било дозволено самоволно и без дозвола да влезе во просторија каде бил нејзиниот син С.Л., кој бил претходно приведен. По целосно документирање на случајот, против инв ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.06.2020 во 18.40 часот во Полициската станица Карпош Б.А.(52) од Скопје пријавил дека во Градски парк неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

Во текот 29.06.2020 на подрачјето на СВР Скопје се санкционирани три возила бидејќи биле нерегистрирани, шест возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило, еден возач бидејќи поминал на црвено светло и 48 возила се подигнати со специјално возило „јајак".

На 29.06.2020 околу 09.00 часот во СВР Велес било пријавено дека на фарма за добиток во с.Превалец, велешко, четири непознати лица кои се претставиле дека се од с.Сарај, скопско, го измамиле П.К.(67) од Велес, така што дозволиле купопродажба на девет грла крупен добиток за сума од 6.000 евра, а откако добитокот го натоварале во товарно возило „мерцедес", со кумановски регистрациски ознаки, двајца од нив заминале, додека П.К. со останатите две лица, кои биле со патничко возило „мерцедес", со скопски регистрациски ознаки, се упатиле до Ветеринарната станица во Велес за да ги комплетираат документите за купопродажбата. По ова, едно од лицата, користејќи изговор дека ќе го пренесува неговиот брат, на П.К. му оставил паричник како гаранција, по што лицата заминале. Откако П.К. го отворил паричникот, кој бил наполнет со хартија, дошол до сознание дека е измамен. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.06.2020 во 12.00 часот во Полициската станица Дебар Г.Д.(85) од Дебар пријавил дека околу 08.30 часот, на пат во Дебар, две непознати лица кои се претставиле како државјани на Израел и на Црна Гора, се прикажувале на лажни факти со измамите Г.Д., така што со изговор дека им требаат пари за породување на сопругата на еднаков од нив, му одзеле 1.000 американски долари и 100 евра, а како гаранција му дале ланец во жолта боја, по што го напуштиле местото на настанот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.06.2020 во 15.23 часот во СВР Битола, Р.М. од с.Сопотница пријавила дека од домот се одделчел нејзиниот син Д.М.(26) од с.Стругово, демирхисарско. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 30.06.2020 во 01.00 часот во СВР Скопје, М.Л.(26) од Скопје пријавил дека во 00.00 часот на ул.„13" во с.Инициково бил физички нападнат од повеќе непознати лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.06.2020 во 11.30 часот во СВР Скопје, Г.Г.(32) од Скопје пријавил дека на 27.06.2020 околу 00.10 часот, во близина на паркинг ред угостителски објект на ул.„Народен фронт", додека бил со Ц.Р. и Н.Т., бил физички нападнат од две непознати лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.06.2020 во 20.20 часот во СВР Скопје, Ј.Д.(48) од Скопје пријавил дека на 28.06.2020 околу 20.30 часот на детско игралиште на ул.„Влае", неговиот 11-годишен син бил физички нападнат од О.А.(39) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл. 12 од ЗППРМ .

На 28.06.2020 околу 21.00 часот во СВР Велес било пријавено дека настанал пожар во место викано „Грнчишка река", при што биле зафатени бали слама во штала сопственост на Н.Р.(70) од с.Кочилари, велешко. Пожарот бил изгаснат од Територијалната противпожарна единица од Велес. Бил извршен увид на местото на настанот.

На 29.06.2020 околу 17.00 часот во Полициската станица Кавадарци, Љ.С.(40) од с.Ваташа, кавадаречко, пријавил дека на ул.„Благој Крстиќ" во Кавадарци бил каснат од куче скитник.

На 29.06.2020 околу 11.50 часот, полициски службеници од СВР Тетово – ОВР Гостивар, на ул.„Мајор Чеде Филиповски" во Гостивар, каде без заштита на лицето чекала во ред пред банка, ја привеле М.Ж.(41) од Гостивар, затоа што го нарушила јавниот ред и мир со агресивно однесување кон полициските службеници. На М.Ж. ѝ е изготвен соодветен поднесок.

На 28.06.2020 околу 22.00 часот во СВР Велес било пријавено дека во с.Сирково настанал пожар во трло со овци, сопственост на В.А.(40), при што изгорел добиток. Пожарот бил изгаснат од Територијалната противпожарна единица од Кавадарци. Бил извршен увид на местото на настанот.

На 29.06.2020 во 23.40 часот во Полициската станица Штип, Ќ.М.(46) од Штип пријавил дека тој и неговиот брат околу 22.10 часот на ул.„Широк дол" во Штип биле физички нападнати од повеќе лица кои употребиле и тврди предмети, а им ги оштетиле и возилата. Според пријавеното, потоа лицата влегле и во нивните домови каде физички го нападнале и нивните семејства. За настанот бил запознаен Јавен обвинител и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривична пријава против А.Т.(27) од с.Кутретино, демирхисарско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти". На 28.06.2020 во 00.01 часот, по претходна телефонска дојава дека на пат Куманово – Крива Паланка, кај место викано „Давадет" биле забележани две товарни возила од кои излегле мигранти, од полициските службеници биле пронајдени двајца повредени мигранти од Пакистан и Бангладеш, кои биле пренесени во Општа болница во Куманово за укажување на лекарска помош. Притоа, еден од нив се здобил со тешки телесни повреди, додека вториот мигрант се здобил со телесни повреди. Во врска со случајот, на место викано „Четал", во Страшин, од полициски службеници било запрено товарно возило со полуприколка, управувано од приајвениот, при што било утврдено дека тој со товарното возило прифаќал и превезувал мигранти, но поради недостаток на воздух во него, мигрантите биле принудени да скокнат од возилото додека било во движење. Од страна на судија на претходна постапка, на приајвениот му е одредена мерка притвор во траење од 30 дена, по што истиот бил спроведен во КПУ „Затвор Скопје".

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ф.А.(59) и А.А.(25), двајцата од с.Добрејс, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 24.04.2020 во с.Добрејс, во дворот од куќата на И.М.(43), а поради нерасчистени меѓусебни односи, второпријавениот започнал вербална расправија, а потоа и физички го нападнал И.М., по што заминал. По ова, внукот на И.М. отишол во домот на приајвените, каде тие физички го нападнале, а откако дошол и И.М. со намера да ги раздели, со употреба на метален предмет и древна палка бил нападнат од приајвените, здобивајќи се со тешки телесни повреди.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против Ф.Ј.(33) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност". На 30.05.2020 околу 20.15 часот во Прилеп, на ул.„Јоска Јордановски" пред пекарница, приајвениот испукал истрели од огнено оружје, со што предизвикал општа опасност.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против М.З.(46) од с.Добридол, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 06.06.2020 околу 14.00 часот, на локалниот пат во с.Добридол, при разминување со патнички возила, приајвениот преку прозорец упатил закани по неговиот и животот на семејството на Х.Ш. (33) од с. Градец, кој се движел со службено возило, а потоа со неидентификуван повик се јавил на неговиот телефон и продолжил да му упатува закани по животот.

Регионалниот центар за гранични работи Север, преку СВР Куманово, поднесе кривична пријава против А.А.(28) од с.Василево, струмичко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти". На 13.03.2020 во 22.10 часот приајвениот, управувајќи патничко возило „опел зафира", не застанал на даден светлосен и звучен сигнал за запирање од страна на полициски службеници, туку ја зголемил брзината и се упатил по обиколница кон Крива Паланка. Откако бил престигнат, го оставил возилото и се дал во бегство, а во возилото биле пронајдени 16 мигранти од Пакистан, Авганистан и Сирија, од кои осум биле малолетни лица.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против А.Ф.(19) од село Чегране, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 08.02.2018 во Гостивар, на ул. „Илинденска", при извршен преглед на приајвениот од страна на полициски службеници, била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Куманово поднесе три кривични пријави против Љ.С.(35), М.С.(23) и С.М. (32), сите од Куманово, поради постоење основи на сомнениедека сториле кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Во периодот од 02.05. до 06.06.2020 приајвените биле затекнати надвор од нивните домови, со што постапиле спротивно на здравствените прописи, односно воведената мерка за забрана на движење заради спречување на вирусот Ковид-19.

На 29.06.2020 во 23.10 часот во СВР Охрид биле приведени Д.Н.(29) од Охрид и В.К.(36) од охридското село Велгошти, бидејќи при нивни преглед извршен од страна на полициски службеници во с.Долно Лакочереј, била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот, притоа приведените ќе биде поднесена соодветна пријава.

Овој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-mouna: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет